Секое утро **Утрински брифинг** на www.**slobodenpecat.mk** / www.**slobodna.tv**


# СЛОБОДЕН ПЕЧАТ.

ISSN 1857-8918


**Челиковиќ**

Принудна солидарност во ЕУ



**Ивановиќ**

И монструмите од видеото некогаш биле ангели на мама и тато



макс. дозволено 50 µg/m3

Кавадарци 43 µg/m3 PM 10

mojvozduh.eu

**Времето денеска**

| | | |
|---|---|---|
| Скопје | -1 | 11 |
| Охрид | 0 | 10 |
| Битола | -3 | 8 |
| Маврово | -2 | 8 |

**ПЕТОК 3 АПРИЛ 2020** | Број 1926 | Година VIII | **WWW. SLOBODENPECAT.MK** **15 денари**

## Донесена уредба за финансиска помош на фирмите

# Четврт милион работници на платниот список на Владата

**Бројки** Мерката со која 250.000 работници ќе земаат 14.500 денари државна помош за април и за мај е преточена во уредба со законска сила и таа денес ќе излезе во „Службен весник“. Според проценките на Владата, со оваа мерка се очекува да се опфатат работници во 35.000 компании, изјави премиерот Оливер Спасовски.



МИА МЕДИУМСКА ИНФОРМАТИВНА АГЕНЦИЈА

**Филипче: Мобилната болница е готова, се надеваме дека нема да ни треба**

● Мобилната болница за прием на заразени со коронавирус ќе биде пуштена следната недела и во неа има 130 кревети и соодветни услови - тоалети, тушеви...Искрено се надеваме дека ќе нема потреба да ја користиме, изјави вчера министерот за здравство Венко Филипче. Тој, министерката за одбрана Радмила Шекеринска и скопскиот градоначалник Петре Шилегов ја посетија болницата што се наоѓа до Клиниката за инфективни болести во Скопје.

**Насилство во Штип**

Уапсени двете момчиња што крвнички тепаа девојче

страница 3

**Онлајн-настава**

Родителите незадоволни од огромниот притисок врз учениците

страница 2

**Дали ќе останат каматите?**

Банките лани оствариле добивка од 114 милиони евра!

страница 8

**Свет**

Уште малку, па еден милион заразени од коронавирусот

страница 11

# Хроника

Треба да признаеме дека на почетокот на кризата, пред потребата од заеднички европски одговор, многумина мислеа само на своите национални проблеми

Претседателката на Европската Комисија, Урсула фон дер Лајен

**Аларм** Родителите реагираат на огромниот притисок врз учениците

# Наставата на далечина се приближува кон тортура



**Поплава** Наставниците во училиштето на моето дете како да се натпреваруваат кој повеќе материјал ќе испрати. Како да заборавиле дека децата по распоред не го имаат секој предмет секој ден, а тие секој ден им бараат по нешто - вели еден родител.

**Нерамноправни** Не е коректно успехот од овој период кога масовно се импровизира во образовниот процес, да се вреднува во крајните оценки, особено што сите ученици немаат еднакви услови за учење на далечина.

Соња Христовска Угриновска

Многумина родители и ученици се растревожени од најавите на Министерството за образование и наука дека ќе се оценува успехот на децата во периодот додека трае далечинското учење, а овие оценки ќе се сметаат и при заклучувањето на завршните оценки за оваа учебна година. Тие велат дека децата дома не можат да постигнат да сработат сè што испраќаат наставниците, а секојдневно добиваат задачи и материјали и не е коректно успехот од овој период кога масовно се импровизира во образовниот процес, да се вреднува во крајните оценки.

Министерот за образование Арбер Адеми изјави дека онлајн наставата е задолжителна и дека со владина уредба веќе станала формална настава, а не понуди решение како граѓаните да ја исполнат задолжителноста ако немаат основни услови како компјутер или интернет. Бирото за развој на образованието веќе го изготви упатство за тестирање и оценување, а Адеми најави дека наставниците треба да бидат многу креативни за да создадат тестови и да им оневозможат на учениците да не ги препишат одговорите.

Родителите реагираат дека материјалот што им се испраќа на децата е ист по обем и содржина како оној што би го учеле со наставник во училница и апелираат да се работи по скратена програма.

– Наставниците во училиштето на моето дете како да се натпреваруваат кој повеќе материјал ќе испрати, а во училиштето на внук ми, кој е во друга општина, е друга приказна. Таму наставничката ги советува родителите да не брзаат, да работат смирено и колку што можат. Ако не можат да ги фотографираат сите домашни задачи и да ги испраќаат по имејл, им кажала да ги чуваат во папка. Кај моето дете наставниците како да заборавиле дека децата по распоред не го имаат секој предмет секој ден, а секој ден им бараат по нешто! Излегува дека секој ден имаат по десет домашни задачи. Со кое право толку ги оптоваруваат децата во овие стресни услови со пандемија, кога сите сме исплашени и загрижени за своето здравје, иднина и опстанок? – вели еден родител.

**Учениците ги принтаат задачите, ги решаваат, па ги фотографираат и ги испраќаат на имејл, а потоа ги бришат фотографиите оти и меморијата во телефоните е ограничена. Сето тоа одзема многу внимание и ни предизвикува голем стрес – вели една мајка**

Родителите реагираат и дека немаат доволно ресурси ниту време за да одговорат на барањата на училиштата.

– Јас работам од дома и компјутерот го држам зафатен околу 4 до 5 часа дневно, а потоа работат децата кои се ученици во четврто и шесто одделение. Добиваме наставни листови и домашни задачи по предметите еднаш неделно, но среќа е што наставниците не испраќаат толку обемен материјал за учење. Децата ги принтаат задачите, ги решаваат, па ги фотографираат и ги испраќаат на имејл, а потоа ги бришат фотографиите оти и меморијата во телефоните е ограничена. Сето тоа одзема многу внимание и ни предизвикува голем стрес затоа што по цел ден сме работно ангажирани наместо да се опуштаме. Немаме време за сето тоа и не е фер што е донесена одлука да им се ставаат оценки на децата за овој период – вели една мајка.

Психолозите предупредуваат дека напнатата состојба, загриженоста, стравот и прекумерните обврски можат емоционално да го преплават целото семејство. Многумина советуваат родителите да не ја напуштат својата примарна родителска улога додека ја играат улогата на наставниците во домот. Најважно е, велат тие, родителите отворено да разговараат и да останат во добар контакт со своите деца.

## Крај нема од есеи, проекти, постери, презентации, прашалници...

• Според упатството за оценување, наставниците можат да користат повеќе методи и техники за формативното оценување на учениците. Можат да им задаваат задачи со работа во група да изработуваат проекти, постери и истражувачки задачи, да водат дискусии преку Скајп или Вибер, да им задаваат есејски прашања по имејл, како и да одржуваат мултимедијални презентации, тестови на знаења и контролни вежби. За тестирање самите наставници треба да создадат тестови со прашања и задачи, прашања со повеќе избори, отворени прашања или прашања со надополнувања и кратки одговори. Задачите и прашањата треба да се изготват според наставните програми, а тестовите не треба да се обемни и се препорачува да содржат најмногу десетина суштински задачи прашања.

**ВМРО-ДПМНЕ** Предлози за надминување на проблемите во образованието

# Да се укине матурата за оваа година

**Школската година да заврши на 10 јуни, а полагањето на државна матура во сите средни училишта за оваа учебна година да биде укинато, предлага најголемата опозициска партија.**

Опозициската ВМРО-ДПМНЕ предлага да се укине матурата за оваа година и да се донесат сет мерки за учениците поради пандемијата со коронавирусот.

- Електронското учење, односно користењето на мултимедија и интернет за образование на далечина не е новина, но оваа власт повеќе зборува и пишува препораки отколку што спроведува. МОН ги задолжи наставниците без реално да се согледаат можностите. Не смее да се дозволи цела генерација да ја повтори годината, само затоа што некој во Владата не седнал и не размислил за начин и методологија како да ја заокружи учебната година - изјави Христина Серафимовска од ВМРО-ДПМНЕ.

Ова не е време за натпревар, суета, партиски или друг вид поделби. Ова е време на војна во која е потребен секој човечки ресурс, дополни Серафимовска и предложи мерки, според неа, веќе се применувале во современиот свет.

Според предлозите на ВМРО-ДПМНЕ, школската година треба да заврши на 10 јуни, а полагањето на државна матура во сите средни училишта за оваа учебна година треба да биде укинато.

„Полагање на матура може да биде организирано само за оние ученици кои имаат потреба од тоа, но таа да се полага во септември, предлага најголемата опозициска партија.

Според Серафимовска, учениците треба да се оценат со средна оцена, изведена од успехот на учениците во претходното полугодие, условено со завршени домашни задачи во периодот на вонредната состојба.

Исто така, ВМРО-ДПМНЕ бара да се укинат законските ограничувања за просечен успех кои се бараат за упис на повисока година во некои средни стручни училишта.

**Фејсбук** Скандалозно видео ја вознемири јавноста

# Уапсени двете момчиња што крвнички тепаа девојче

На видеото се гледа како момче во влез во зграда најнапред ѝ удира шлаканици на девојката, ја втерува во агол меѓу два ѕида и продолжува да ја клоца по целото тело, додека неговиот пријател сето тоа го снима.

**Мирослава Бурнс**

Скандалозно видео, снимено најверојатно во влез од зграда во Штип, на кое се гледа како момче крвнички со клоци и шлаканици брутално тепа девојче, ја шокираше интернет-јавноста. До објавувањето на овој текст, видеото беше споделено повеќе од 1.300 пати на социјалните мрежи, со масовни реакции што веднаш ги алармираа надлежните.

На видеото се гледа како момче најнапред ѝ удира шлаканица на девојката, ја втерува во агол меѓу два ѕида и продолжува со силни клоци, во пределот на половината и во целото тело, да ја удира и да ја навредува. Во текот на едноминутниот материјал, девојката е удрена повеќе од 15 пати со силни клоци, додека беспомошно плаче и го моли насилникот да ја пушти.

Снимателот на видеото, го охрабрува момчето да ја удира и понатаму.

„Велиш дека си бремена од мене, па уште и глуп ќе ме правиш, главата ќе ти ја скапам!“ - вика насилникот и ја тепа жртвата. Во еден момент ѝ го зема мобилниот телефон на девојката, го треска од земја и го распарчува.



← **Видеото, поради својата вознемирувачка содржина, набргу беше тргнато.**

Фотографија **Фејсбук**

Ваквиот настан ги стаписа и ги разгневи корисниците на социјалните мрежи. Снимката најверојатно потекнува од мобилниот телефон на еден од двајцата учесници, а не е познато кој ја објавил.

Министерот за внатрешни работи Наќе Чулев набргу соопшти дека лицата се лишени од слобода и дека станува збор за С.А. и П.Р. За настанот е известено и Основното јавно обвинителство.

**Видеото ја згрози јавноста, која бараше итна реакција од надлежните. Граѓаните го открија и нивниот идентитет, по што тие набргу беа уапсени, а ОЈО поведе постапка.**

Заменичката на министерот за внатрешни работи, Славјанка Петровска, за „Слободен печат“ вели дека Бирото за јавна безбедност постапува за видеото. Видеоматеријалот содржи очигледни елементи на насилство. Лицата се идентификувани. Постапува и Центарот за социјални работи. Петровска најави најстроги санкции за сторителите.

Основното јавно обвинителство во Штип вчера соопшти дека отворило предмет по допрен глас во врска со овој видеозапис и дека наредило сторителите да се приведат во станица за да се расчисти кривично правниот предмет преку прибирање материјални и вербални докази.



**Разговор** Илир Демири, лекар во Инфективната клиниката

# Нема страв, само ентузијазам и посветеност

Во зависност од тежината на болеста, пристапот се прилагодува за секој пациент, но генерално пациентите добиваат антибиотици и кислородна поддршка. За потешките случаи веќе почна користењето на лековите за маларија и ХИВ, вели Демири.

**Мими Шушлеска Петкова**



Паралелно со бројот на заболени од коронавирусот, расте и бројот на излекувани. Досега 17 пациенти се пуштени од болница. За тоа каква терапија добиваат и воопшто за третманот на заразените зборува лекарот Илир Демири, кој ги лекува тие пациенти на Клиниката за инфективни болести во Скопје. Тој но дека, генерално, сите добиваат антимикробна терпија (антибиотици) и кислородна поддршка. Кај тие со потешка клиничка слика се спроведува третман со хлорокин, лек за маларија, кој според новите препораки се дава и кај одредени пациенти инфицирани со коронавирус. Кај пациентите кои имаат проблем со хлорокин, се спроведува третман со ритонавир/лопинавир кој е антивирален лек што се користи за лекување на ХИВ. Според Демири, се уште е рано да се зборува за наше искуство од примената на овие терапии.

Заболените од коронавирусот имаат и заеднички симптоми - покачена телесна температура, кашлица, гушоболка, изразита малаксаност, главоболка и болка во градите. Една пациентка се пожалила на намалено чувство за вкус и мирис, симптоми кои се јавиле кај заболени во светот.

За да биде пуштен на домашно лекување, клучно е пациентот да има два последователни негативни теста, но се земаат предвид лабораториско-биохемиските анализи за пациентите и нивната општа здравствена состојба, проценета од страна на одговорните лекари.

- Имајќи ја во предвид можната сензитивноста на тестовите и нивните варијации, на сите пациенти кои се испишуваат од болница им се препорачува две недели да бидат во самоизолација и да ги почитуваат препораките кои им се дадени - вели Демири.

Според него, допрва доаѓа најтешкиот дел од борбата со коронавирусот, зашто почнува да расте бројот на пациенти кои развиваат потешка форма на болеста. Оваа недела треба да профункционира и полската болница која е поставена во непосредна близина на Клиниката за инфективни болести со капацитет од 110 легла.

**Медицински сестри сведочат.**

## Немаме доволна заштита, а граѓаните се несовесни

**Елизабета Дамјаноска-Спасеновска**

Откако во поликлиника „Јане Сандански“ се отвори пункт за тестирање од вирусот ковид-19, медицинските сестри и лекарите стравуваат за своето здравје. Иако пунктот е поставен на посебен влез, а здравствените работници што вршат тестирање носат заштитна опрема, опасноста од заболување од коронавирусот ја чувствува и медицинскиот персонал, кој не е во директен контакт со евентуалните заболени.

Медицинска сестра вработена во поликлиниката истакнува дека не се доволно заштитени, бидејќи надлежните сметаат дека не се изложени на ризик, но не е така, вели таа. Со читателите на „Слободен печат“ ја споделува секојдневната рутина и пристапот што го имаат кон пациентите.

– Термин за тестирање на пациентите им закажуваме преку „Мој термин“ откако телефонски тие одговараат на прашања од анкетата. Само ако позитивно одговорат на сите прашања, имаат право на тестирање. Доколку само едно од прашањата е негативно, на пример не биле во контакт со некој од странство, но сепак имаат висока температура, кашлица или некоја друга тешкотија, тие инсистираат да посетат матичен лекар. Ние тоа не можеме да им го забраниме. А кога доаѓаат, никој не знае дали се носители на вирусот – објаснува медицинската сестра.

Таа вели дека од заштитна опрема имаат маска, ракавици и капи коишто ги обезбедуваат приватните ординации и им ги даваат на вработените.

– Не е точно дека немаме контакт со пациенти. Поради состојбата со коронавирусот, лекари од специјалистичките ординации дежураат на Инфективната клиника. Поради тоа, ние не ги препраќаме пациентите, туку ги вршиме сите потребни интервенции. На пример, вадиме конци, ставаме катетер бидејќи не работи амбулантата на урологија, правиме ЕКГ ако дојде пациент со тахикардија. Не само што сме во контакт, туку сме и во допир со пациентите – објаснува медицинската сестра, која сакаше да остане анонимна.

И лаборантите се во директен контакт со пациенти и имаат оскудна заштитна опрема.

– Лабораторијата е секогаш полна, исто како што беше пред да се појави вирусот. Доаѓаат пациенти за проверка на крвна слика, не можеме да ги вратиме, но работиме со страв, бидејќи не сме доволно заштитени. Немаме скафандери, ниту визири – се жали лаборантката со која разговаравме.

**Подготовки** Пикот се очекува за крајот на април

## Илјада кревети во болниците се спремни

**Во моментов околу 60 пациенти се сместени на Клиниката за инфективни болести во Скопје, а дополнителни капацитети има во болницата „8 Септември“, на инфективните одделенија во Штип, Гостивар и во Велес, на Институтот за белодробни заболувања во Козле, како и во депандансот на Министерството за труд и социјална политика во Демир Капија.**



Најголем број заразени со коронавирус во земјава се очекува да има на крајот на април, а за тоа медицинските установи се подготвуваат уште отсега. Од Министерството за здравство уверуваат дека на располагање имаат повеќе од илјада болнички кревети за пациенти што ќе бидат хоспитализирани во случај кај нив да дојде до потешки клинички слики што вирусот ги предизвикува.

На последната владина седница, донесена е Уредба со законска сила, со која 78 милиони денари се наменети за реконструкција на јавните површини на Клиничкиот центар „Мајка Тереза“ во Скопје за време на вонредната состојба. Овие пари се наменети за овозможување и укажување здравствени услуги, пренесување и транспорт на пациенти што се заболени од ковид-19 и за непречено функционирање на другите клиники во комплексот.

Во моментов околу 60 пациенти се сместени на Клиниката за инфективни болести во Скопје, а дополнителни капацитети има во болницата „8 Септември“, на инфективните одделенија во Штип, Гостивар и во Велес, на Институтот за белодробни заболувања во Козле, како и во депандансот на Министерството за труд и социјална политика во Демир Капија. И приватните болници ги понудиле своите капацитети на располагање на државата, доколку дојде до зголемен број на пациенти, на кои ќе им биде потребна хоспитализација.

Министерот за здравство Венко Филипче рече дека на Клиниката за инфективни болести има 250 места на располагање, а со околу 400 кревети располага болницата „8 Септември“ во Скопје. Здравствените власти уверуваат дека пристапот што го користат - некои пациенти да се лекуваат во болница, а други да бидат на домашно лекување - дал успешни резултати во Германија и дека за нашата земја е добро да се копира. Лицата со лесна форма на болеста и без ризик за компликации се лекуваат во домашни услови. Матичниот лекар треба да биде вклучен во надзорот на здравствената состојба со следење на развојот на симптомите преку дневни телефонски повици и, доколку е можно, преку посети во домот на пациентот, велат од Министерството за здравство. Како што информираше министерот за здравство Венко Филипче, досега во земјава се направени 3.775 теста, од кои позитивни до завчера напладне се 354. Сите пациенти од Заводот за рехабилитација во Козле се испишани и се упатени на домашно лекување, а таму каде што е поставена индикација, амбулантски ќе се вршат третмани во болницата „8 Септември“. **М.Б.**

### Како да се грижите за заболен од ковид-19 во домашни услови

• Оние што се грижат за заболен од ковид-19 во домашни услови треба да знаат дека просторијата добро треба да се проветрува, да се носат маски, да се мијат рацете со сапун и вода по секој контакт со заболеното лице или со предметите во нивната непосредна околина, пред и по подготвување на храна, пред јадење, по употреба на тоалетот. Се препорачува рацете да се бришат со хартиени шамивчиња за еднократна употреба, а крпите да се менуваат еднаш дневно.

Се препорачува и priборот и садовите за јадење да се чистат со сапун или детергент по употребата, да се дезинфицираат бањите и тоалетот еднаш дневно со средство за белење. Заболениот треба да остане дома најмалку 14 дена, по што ако двапати има негативен тест за коронавирус, се смета дека веќе не е носител на вирусот.

**Министерство за здравство.**

## Триесет нови позитивни на ковид-19

• Министерството за здравство извести дека се потврдени 30 нови случаи позитивни на ковид- 19. До денес вкупната бројка на дијагностицирани изнесува 384 лица.

Министерството за здравство информираше дека се регистрирани 30 нови случаи на коронавирус во земјата. По градови: Скопје - 12, Куманово - 8, Прилеп - 9 и Крива Паланка -1. Со ова вкупната бројка на дијагностицирани пациенти со ковид-19 до вчера изнесуваше 384 лица.

Во изминатото дено-ноќие направени се 342 теста, од кои: преку ИЈЗ – 177, преку Ветеринарен факултет – 20, преку Авицена – 21, преку Биотек – 24, Филип Втори (Жан Митрев) – 100. Досега се направени вкупно 4.117 тестирања на ковид-19.

**Дилеми** Кои проверки се сигурни

## Тестовите „открија“ спор помеѓу Министерството и Систина

Сите пациенти кои се детектираат како позитиви на тестовите на антитела, што ги прави болницата Систина, задолжително треба да направат тест за присуство на коронавирусот во Институтот за јавно здравје, соопшти Министерството за здравство.

Министерството појасни дека тестовите кои ги користи приватната клиника Аџибадем Систина го детектираат присуството на антитела на вирусот Ковид-19, додека останатите тестови го детектираат директното присуство на самиот вирус. За позитивни се сметаат оние пациенти кои се позитивни на вирусот и исклучиво тие се внесуваат во дневната статистика.

Клиничката болница Аџибадем Систина појасни дека тестот што го користи за детекција на коронавирусот е произведен во Холандија и претставува серумски рапид тест кој како хроматографски тест се користи за детектирање на антителата IgG-IgM. Комбинираната употреба на IgG и IgM тестот може ефикасно да детектира претходен контакт со вирусната инфекција преку имунолошкиот статус на телото. „Според препораката на Светската здравствена организација за масовен скрининг на населението, овие тестови активно со таа цел се користат во САД, Велика Британија, Италија, Норвешка, Канада, Шпанија, Нов Зеланд, Брунеи, Обединети Арапски Емирати, Индонезија, Бразил и Романија. Со вакви брзи тестови, како единствено разумно моментно решение почнаа и Бугарија и Србија“, се вели во соопштението од болницата.

**Кочани** Болнички хаос

## Жива жена прогласиле за мртва

• На кочанчанецот Благојче Дончев од кочанската болница му кажале дека неговата мајка починала. Тој почнал да организира погреб, но кога заедно со операторот дошол да го земе телото, открил дека мајка му е жива и лежи на Интерното одделение, пренесува ТВ 24.

Дончев вели дека оние што му ја соопштиле веста, му рекле и кој погребен оператор да го повика, но тој одбил и се јавил на друг.

Од кочанската болница велат дека знаат за случајот и по нивната интерна истрага повикана е полицијата, која почнала своја истрага за да утврди кој му се јавил на Дончев.

- Претпладнево вработени во болницата се повикани да дадат исказ во полициска станица. Истрагата треба да ги открие виновниците – вели Александар Серафимов, директор на Општа болница – Кочани.

**ФЗОМ** Ден Дончев, директор




# Лекувањето на сите пациенти со ковид-19 оди на товар на Фондот

**Директорот на Фондот најави дека за неколку денови ќе има договор помеѓу ФЗОМ и приватните здравствени установи за начинот на покривање на трошоците за т.н. „брзи тест-китови“ со кои се детектираат антитела на коронавирусот.**

Проблемот со здравственото осигурување на невработените како и на лицата што се отпуштаат, Фондот за здравствено осигурување го има предвидено и е предложено решение до Владата, во кое сите лица без оглед на нивниот статус, односно доколку се дијагностицирани од ковид-10, целиот третман паѓа на товар на ФЗОМ, истакна директорот на Фондот, Ден Дончев, вчераутро во емисијата „Утрински брифинг“ на Слободна ТВ. Дончев одговараше на прашање кој ќе ги покрие трошоците за невработените, сега отпуштените, за оние што работат во онаа неформална сива економија.

Дончев рече дека Министерството за здравство, за да ги заштити пациентите, дозволило препишување и издавање на лековите што се користат за третман за коронавирусот на товар на Фондот додека траат мерките. Тој додаде дека оваа терапија мора да се применува исклучиво во болнички услови под надзор на лекари специјалисти. Обезбедувањето лекови во аптеките, рече Дончев, се одвива непречено и покрај вонредната ситуација.

Директорот на Фондот рече дека не треба да има стравувања во врска со исплатата на надоместоците за луѓето што се на боледување, за трудниците, родилките и другите категории.

- Ве уверувам дека сè ќе си тече како што беше досега. ФЗОМ е во солидна стабилна ситуација и сите обврски ќе течат по најрегуларен пат како што, впрочем, беше ситуацијата и досега - изјави директорот на ФЗОМ.

Фондот нема законска основа да ги покрива трошоците на т.н. „брзи тестови“ за детектирање антитела на коронавирусот, но, според Дончев, интензивно се работи да се најде решение за тоа прашање.

- Блиску сме до решение, ден или два се прашање. Точно е дека има два типа на тестови. Едните се брзи тест китови, додека вторите се тестови по т.н. PCR метода, што се тестови на молекуларно ниво. Граѓаните треба да се свесни дека тест китовите се индикација, но веројатноста за т.н лажни резултати кај нив е значително поголема од тестовите на молекуларно ниво. Нашите епидемиолози ги прифаќаат вториве како веродостојни. Градиме капацитет за тестирање на молекуларно ниво од најмалку 600 поединечни тестови на ден. Тоа е капацитетот во Јавното здравство и во приватните здравствени установи, заедно - образложи Дончев.

**Рубин Земон од Партијата на Египќаните со сериозни обвинувања.**

## Починатата родилка не добила соодветен третман во охридската болница

**Го разбирам револтот на Египќаните и на другите граѓани од Охрид, но ќе ве замолам сите да бидеме трпеливи и претпазливи, како и да имаме доверба дека овој случај ќе биде соодветно расветлен од институциите, порача Земон.**

Од разговорот со членовите на семејството и други лица, има доволно индиции дека 37-годишната родилка, која почина завчера на Гинеколошката клиника во Скопје, не била соодветно третирана во одделот за гинекологија во Медицинскиот центар во Охрид, неколку денови наназад, тврди Рубин Земон, претседател на Партијата на Египќаните во Македонија. Притоа Земон информира дека починатата Неат Рустем е припадник на етничката заедница на Египќаните, каде што владее вознемиреност поради овој случај.

„Ќе поведам иницијативи за целосно расветлување на случајот во рамките на Министерството за здравство и другите институции. Го разбирам револтот на Египќаните и на другите граѓани од Охрид, но ќе ве замолам сите да бидеме трпеливи и претпазливи, како и да имаме доверба дека овој случај ќе биде соодветно расветлен од институциите. Исто така, ќе ве замолам за соработка околу прибирањето податоци при расветлувањето на случајот. Дозволете да изразам и благодарност до хуманите луѓе од дијаспората што искажаа спремност да му помогнат на семејството на Неат“ – напиша Земон во порака на Фејсбук.

Трудницата почина во вторникот вечерта, во 22 часот, на Клиниката за гинекологија и акушерство во Скопје. Таа била донесена во Скопје со покачена телесна температура која била над 39 степени и со мртов плод. Лекарите го извадиле бебето со операција, а од стомакот на мајката бил изваден гној. Министерството за здравство соопшти дека можната причина за смртта е масовна тромбоемболија.

На пациентката веднаш ѝ била направена целосна лабораторија и ѝ бил земен брис за испитување дали има ковид-19. Резултатите подоцна покажале дека пациентката немала коронавирус, информираат за „Слободен печат“ извори од Министерството за здравство.

# Трибина

Некои ќе речат еве го овој пак го брани Венко Филипче. Јас ќе одговорам, да, го бранам од една лоша, валкана и опасна пропаганда од причина што знам како му е

Никола Тодоров

**Став.**



↓ Мирјана Најчевска

## Не можеме да ја ставиме под карантин цела држава

Која е логиката да се затворат зелените пазари?

Тие се на отворено.

Има многу помала турканица отколку во маркет.

Обезбедуваат здрава храна за најголем дел од населението.

Обезбедуваат преживување за голем број луѓе.

Научете ги луѓето да се однесуваат; не затворајте.

Објаснувајте, не забранувајте.

Поставете големи натписи, не казнувајте.

Поставете средства за дезинфекција пред пазарите.

Поставете луѓе кои ќе кажуваат и предупредуваат.

Повторувајте, повторувајте, повторувајте.

Примитивизмот и незнаењето не се победуваат со казни

Вонредна состојба - да.

Алертираност на заедницата - да.

Мерки за информирање на граѓаните - да.

Осмислени ограничувања - да.

Тестирања - да.

Изолација на заразени или потенцијално заразни - да.

Ама да си играш полициска држава и да ги затвориш сите по дома и со бесмислени мерки да ја блокираш заедницата - не.

Не мислам дека ВМРО-ДПМНЕ ќе беа подобри во справувањето со епидемијата. Напротив. Мислам дека ќе беа полоши. Многу полоши. Меѓутоа, тоа не оправдува ад хок, кнтрапродуктивни и неконзистентни мерки. И посебно не оправдува дискриминирачки мерки.

Како што кажав и порано: мерките мора да бидат прилагодени на реалните состојби во заедницата, а не да се создава илузија на заштитеност, и, со тоа само да се нарушува нормалното функционирање на државата.

Кина можеше да изолира цела покраина, затоа што надвор од таа покраина имаше кој да работи и кој да ги издржува (да не зборувам сега за прекршувањата на човековите права кои се направени во текот на изолацијата).

Ние не можеме да ја ставиме под карантин цела држава. Премали сме, луѓе.



**Цивил медија.**

## Како да се потроши Филипче



Сашо Ордановски

Во целата лавина од информации и контрасовети за мерките на Владата - поголем дел од нив добронамерни, помал дел класично мрчаторски - една пријателка беше доволно љубезна да ме замоли да прашам нешто јавно: дали во кратењето на платите за сите актуелни избрани и именувани функционери во наредните два месеци, спаѓаат и редовните буџетски примања на двата поранешни, живи и здрави претседатели, нашите Црвенковски и Иванов?

Бидејќи тие и така ништо не работат (што е тема за некоја друга прилика), а не се сетија самите јавно да се пријават за откажување барем од дел од своите законски приходи, навистина е прикладно некој официјално да ја даде таа информација дали и тие љубезно се приклучуваат на потребата од солидарност со своите сограѓани во овие тешки времиња? Мислам, кога веќе не им текнува да покренат некоја хуманитарна акција, макар симболично да послужат некој бесплатен топол оброк на оние кои се во голема нужда или така нешто...

А во меѓувреме, вирусот незапирливо се шири во целиот свет, со илјадници нови случаи на час, и тоа оние констатирани кои успеваат да бидат тестирани. Насекаде во Европа и САД се предвидува дека април ќе биде месецот во кој ќе се види на која страна ќе тргне „приказната“, кон забавување на глобалната пандемија или кон епохална трагедија што ќе го одбележи овој век (ако тоа веќе не е).

И кај нас се слични најавите, дека наредните недели ќе видиме дали ќе успееме да ја скротиме „кривата на ширењето на заразата“ или ќе влеземе во опасната спирала на распадот на здравствениот систем, а со тоа и на општеството какво што го знаеме. Нормално, дневно и овде се откриваат по неколку десетици новозаразени. И тоа е, сè уште, оптимистичката варијанта на вестите.

> Грешка е и на самиот Филипче што се впушта во таква практика на односи со јавноста. Човекот, досега, во манир на ладнокрвен стоик, издржува неверојатни подлости и подметнувања од своите политички и други противници, па затоа е и препознаен во најголемиот дел од јавноста како голема надеж во овие најтешки времиња. Но нема да има никаков добар исход, не само за него, туку и за сите нас, ако мислиме дека тој, лично, е одговорен за сите поединечни судбини во третманот на заразените во оваа ужасна неизвесност.

Во тој контекст, се прашувам каква е смислата на редовните дневни прес-конференции на министерот Филипче да му се поставуваат детални прашања за секој еден заразен или починат случај поединечно, а притоа да се очекува дека тој би ги знаел комплетните здравствени анамнези или епидемиолошките портфолија на пациентите, како и околностите во кои некој бил пренесен со брза помош или се јавил на телефон на својот матичен лекар? И кому, воопшто, му користат таквите информации?

Се претворивме во благо испаничени попладневни здравствени воајери кои едвај чекаат да ги слушнат деталите за нечија туѓа несреќа за да ги смират своите базични, атавистички стравови. Секој ден, во исто време, нова епизода на „Кој е заразен денеска?“, како турска серија...

Од друга страна, можам да замислам колку време се губи за подготовка на министерот да одговара на такви, се извинувам, тривијални истраги, а тој, притоа, дури и покажува извонредна информираност за повеќето од одделните случаи... Министерот би требало да биде на располагање за да ги објаснува политиките, преземените мерки и оние што се планираат, а се од национално значење; и можеби понекогаш да коментира и парадигматични случаи, за од поединечното да извадиме некој општ заклучок. Тој не се става на располагање на јавноста за да знае дали тоалетите во некоја болница се исчистени, дали има тонери во печатарите по здравствените организации кои издаваат писмени потврди или дали сопругот на некоја докторка бил претходниот ден да пазари домати во локалниот гранап, а не носел маска...

Грешка е и на самиот Филипче (и на оние кои го советуваат да го прави тоа) што се впушта во таква практика на односи со јавноста. Човекот, до сега, во манир на ладнокрвен стоик, издржува неверојатни подлости и подметнувања од своите политички и други противници, па затоа е и препознаен во најголемиот дел од јавноста како голема надеж во овие најтешки времиња. Но, нема да има никаков добар исход, не само за него, туку и за сите нас, ако мислиме дека тој, лично, е одговорен за сите поединечни судбини во третманот на заразените во оваа ужасна неизвесност.

Многумина добронамерни колеги и членови на општата јавност веројатно не се свесни за ова. Но, ви гарантирам дека има и такви - особено овие кои уживаат во прозивки со „друже овој“, „друже оној“ - кои уште како разбираат дека сега им е шансата да му го приврšат „медениот месец“ на Филипче, мислејќи дека така нешто ќе авансираат во нивната политичка агенда.

Да ви ја... агендата.

**ТОП TWEET**



**Ѕвездан Георгиевски**
Еее, кога ќе им раскажувам на внуците дека у мое време сум искачал до 10 саат вечер...



**Милан Дамјаноски**
Барем зимата го доживеа пикот.



**Божидар Божиновски**
Да бев Венко, на овие шо прашуваат работи шо ги кажал 7 пати, би им давал упати за да проверат слух или ваучер за апаратче за слушање.

| ЈАЗИКОТ НА КОЈ СЕ НАПИШАНИ, КАКО И СТАВОВИТЕ ИЗНЕСЕНИ ВО РУБРИКАТА „ТРИБИНА“, НЕ СЕ СЕКОГАШ ОДРАЗ НА УРЕДУВАЧКАТА ПОЛИТИКА НА ВЕСНИКОТ |

СЛОБОДЕН ПЕЧАТ. WWW.SLOBODENPECAT.MK

Датум на печатење: 2.4.2020 | **Тираж: 7.300 примероци**
Првиот број на весникот „Слободен печат“ излезе на 19-20.10.2013

**Издавач**
Друштво за издавање и маркетинг
**Слободен печат Доо Скопје**
Кеј 13 Ноември, ГТЦ втор кат, локал 12
Д.Е.235, Скопје

**Управители**
**МИРОСЛАВ ЈОВАНОВИЌ**
**ДЕЈАН ВОЛФ**

**СЛОБОДЕН ПЕЧАТ**
Контакт-телефон: 389 2 55 11 763
mail: contact@pecat.mk
Маркетинг тел: 389 2 5511764
mail: marketing@pecat.mk
**даночен број:** MK4057013522738

**Главен и одговорен уредник**
**ЗЛАТЕ ЛОЗАНОВСКИ**

Заменик на гл. и одг. уредник
**ЖАРКО ЈОРДАНОСКИ**

Уредници
**МИЛОРАД СТОЈМАНОВСКИ, СРЃАН ИВАНОВИЌ, МИТКО БИЛЈАНОСКИ, КРИСТИНА АПОСТОЛОВА**

Технички уредници
**ЗЛАТКО ЗЕЦ, ЕЛИСАВЕТА БЕЈКОВА, ВИОЛЕТА КОСТОВСКА, ИВАНА НИКОЛОВСКА**
Лектор
**ВИОЛЕТА КАРАЏОВСКА-СТОЈАНОВА**
**АРБНОРА МЕМЕТИ** (фото)
**Маркетинг:**
**МАРГАРИТА ЈОВАНОВИЌ**

Печати **ПЕЧАТ МК доо**
ул. Ристо Шишков бр.20 - Скопје
Дистрибуција:
**Бобан Шошкиќ**
тел. 389 72 443 896
Дистрибутер:
**Колпортер доо**
ул. Лисец бр.1 Б - Скопје
тел: 389 78 255 985

**Правен застапник:** Адвокатско друштво Пепељугоски - Скопје

ЈАЗИКОТ НА КОЈ СЕ НАПИШАНИ, КАКО И СТАВОВИТЕ ИЗНЕСЕНИ ВО РУБРИКАТА „ТРИБИНА“, НЕ СЕ СЕКОГАШ ОДРАЗ НА УРЕДУВАЧКАТА ПОЛИТИКА НА ВЕСНИКОТ



# И монструмите од видеото некогаш биле ангели на мама и тато



**Срѓан Ивановиќ**

Не знам дали некогаш во животот претходно се имам повеќе потресено и не знам дали претходно имам почувствувано таква необична комбинација на страв, бес и гадење. Времето поминато во гледањето на видеото кое трае минута или две, мене ми изгледаше како цела вечност. Не, не мислам на оние потресни слики од болниците во Италија, Шпанија или во САД, тука на она болно изживување на двете момчиња врз младата девојка. Видеото кое веројатно веќе сите ние го имаме видено и од кое на многумина од нас ни е мака.

Нема да ги прераскажувам постапките на момчињата, кои претпоставувам ги очекува долгогодишна затворска казна, бидејќи посакувам сцените на неверојатно суровото насилство што е можно побрзо да ми избледеат од сеќавањата. Тоа што би сакал да го истакнам во моментов е дека, за жал, ваквите видеа во кои гледаме потресни сцени на насилство, во иднина само ќе се намножат.

Неколкупати во последните години сум бил фрапиран од нивото на насилство и степенот на монструозноста на врсничкото малтретирање во одделенија на моите деца. Тука мислам на деца на возраст од осум и девет години, кои уште на почетокот од своето школување се сведоци на немили сцени на тепачки каде што се употребуваат тупаници, клоци, но и на редовни епизоди на физичко малтретирање на послабите, кога на некои од дечињата им биле соблечени панталоните, на други редовно им се краде ужинката, им се фрлаат тетратки низ прозорец, во тоалетите послабите се полиеваат со вода, а во широка употреба се гнасни пцости. Ќе повторам дека станува збор за деца на возраст од осум и девет години.

Тоа што е најпоразително во целата ситуација е реакцијата на родителите чии деца, полека но сигурно, се формираат во монструми. Нивниот одговор најчесто се темели на тоа дека детето им е живо и дека бара внимание и дека тие потекнуваат од добри фамилии. Па дека за тоа се виновни наставничките, кои според нивната логика би требало да се однесуваат како затворски службенички, па во ниту еден момент не треба да ги остават сами. Односно дека нивните деца не треба да ги остават сами, бидејќи нели им се живи и бараат внимание.

Не би сакал да го амнестирам училиштето од целиот проблем, бидејќи реакцијата на надлежните е прилично неефикасна, но морам недвосмислено да посочам дека нуклеусот на проблемот е во семејството. Децата со самиот концепт на насилство се запознаваат од најмала возраст или преку примери во домот во кој растат или од телевизија.

> **Насилството помеѓу децата и младите во Македонија достигнува ниво на епидемија, која на долг рок би можела да биде пострашна од ширењето на кој било коронавирус**

Доколку дома возрасните се тепаат, тогаш тоа станува нормално. Или доколку на дете му дозволува да гледа програма која не е наменета за неговата возраст, со потенцирано отсуство на родител или старател, тогаш насилството станува забавно, а неговата привлечност се мултиплицира со видеоигрите.

Двете момчиња што со клоци и тупаници се изживуваат врз девојчето од тоа несреќно видео, веројатно се израснати во средина во која тепањето било секојдневие. И двајцата едно време биле живи и желни за внимание, а веројатно биле и ангели на мама и тато, но потоа израснале во демони, што ќе им донесе затвор, стигматизација од општеството и живот поминат од другата страна на среќата.

## Избор колумни.

# Принудна солидарност во ЕУ



**Ивица Челиковиќ**

Дали коронавирусот е на пат да ја уништи европската соработка? Отсуство на солидарност меѓу членките на ЕУ не се случува за прв пат, а веќе со сигурност и овој пат може да се констатира дека недостигот на солидарност во време на ширењето на вирусната зараза низ Европа ќе се памети и по завршувањето на кризата.

Се чини дека би можело да се сфати како иронија на судбината тоа што првиот голем настан што е „пречкртан“ од ЕУ-календарот е громогласно најавената и рекламирана конференција за иднината на Унијата - едно од големите ветувања на претседателката на Европската комисија, Урсула ван дер Лајен. Замислата беше политичари и граѓани во целата ЕУ во текот на две години, со почеток во мај, да разменуваат мислења и нови идеи околу европската соработка, откако брегзит-шокот почна да спласнува. Но, од разбирливи причини, моментно не постои желба и подготвеност за какви било поголеми средби, при што работењето на ЕУ во најголем дел е сведено на минимум.

Но едновремено ЕУ се обидува и да го поврати својот углед. Иако тоа не е лесно по еден подолг период означен со „движење од криза во криза“. Почнувајќи, на пример, од конфликтот на линија „север-југ“ во текот на еврокризата, повеќегодишната неможност да се најде решение за солидарна распределба на бегалските квоти, или, пак, развлечените тешки брегзит-преговори. Најновиот развој со ширењето на епидемијата ковид-19 повторно ја стави солидарноста под знак прашање, а што резултираше со низа затворени граници меѓу ЕУ-членките, и покрај тоа што недостасуваат проверени научни сознанија дека таквите мерки ќе ја запрат заразата, како и покрај фактот дека отворени граници се, всушност, базична идеја на Унијата.

Но може ли проблематичното однесување на земјите членки, со кое се погодени најважните постулати на ЕУ, да се „доведе во ред“ така што солидарноста ќе се зајакнува како некаков вид на принудно решение? Токму околу ова прашање Швеѓанката Илва Јохансон, еврокомесар за внатрешни работи, предизвика низа реакции и спротивставени мислења, предлагајќи мигрантската политика на ЕУ да се гради врз „принудна солидарност“. Но да се зборува за солидарност без заедништво, би било нешто што тешко се воспоставува, а заедништво - дури ни во ЕУ - не може да се изнуди со принуда одозгора.

Доколку ЕУ-членките не го направат тоа доброволно, рече Илва Јохансон при испрашувањето во Европскиот парламент, би требало да бидат принудени солидарно да прифатат квоти за распределба на бегалци. Но прашање е каков вид на принуда би можел да води кон решение што Илва Јохансон го нарекува „постигнување на доволна солидарност меѓу земјите-членки“. Бидејќи, како што забележуваат критичарите, независно дали станува збор за повикот на Карл Маркс до пролетерите во сите земји да се обединат, или можеби за Папата Јован Павле Втори кој солидарноста ја нагласуваше како еден од најзначајните принципи во католичкото социјално учење, се работи, пред сè, за кохезивната сила во рамки на заедништвото. А самото заедништво не може да се создаде со интервенција одозгора, со принудни хиерархиски мерки.

Обидите да се принудат други во заедништво кое тие самите не го доживуваат на ист начин, може да предизвика спротивен ефект. Тоа, се разбира, не се однесува само на прифаќањето на бегалци, туку и на европската соработка гледано во целина.

Корона-кризата само го заостри ова прашање. На Италија, тешко погодена од смртоносната зараза, никој во ЕУ не сакаше да ѝ помогне со испраќање заштитна медицинска опрема. Германија дури издаде и забрана за извоз на таков вид опрема, иако располага со резерви во своите магацини. Како да беше потребно да помине извесно време пред да се случат и позитивни исчекори од заглавените „несолидарни“ состојби. Деновиве Германија донесе одлука во свои болници со слободни капацитети да прифати пациенти со коронавирус од Италија. Уште еден пример е сојузната германска покраина Баден-Виртемберг, каде што корона-пациенти првин не можеле да добијат место во францускиот Алзас, а подоцна сепак добија здравствена нега во соседната земја. Еден од принципите на солидарноста е токму во здравството, дека со европска здравствена картичка може да се добие здравствена нега насекаде на подрачјето на ЕУ. Затворањето на границите и јакнењето на националниот егоизам е секако во директна спротивност со таквите принципи врз кои се потпира Унијата.

> Како ќе изгледа светот по завршувањето на пандемијата? Единственото нешто што е сигурно е дека нема да изгледа како досега. Економијата, однесувањето на луѓето, геополитиката, меѓународната соработка и демографијата најверојатно ќе претрпат промени поради кои не ќе можат да се вратат во состојба на она што порано се сметало за нормално. Но суштината на солидарноста, како поим што најчесто се однесува на поврзаност и заемна соработка во вонредни услови, тешко дека ќе може да биде променета.

Напоредно со разочарувањата што ги предизвика недостигот на солидарност во ЕУ, на глобален план Кина се здоби со голема пропагандна предност. Најпрвин во Италија, но потоа и цела Европа почна да се преплавува со хуманитарни пратки со заштитни маски и респиратори. Резултатот е, се разбира, уште еден „добро заслужен“ пораз на ЕУ. Европските медиуми во повеќе наврати ја пренесоа изјавата на српскиот претседател Вучиќ, кој рече дека европската солидарност во овој момент „не постои“, нарекувајќи ја бајка на хартија, и потенцирајќи дека „најмногу надежи полагаме во Кина“.

Но реалноста на глобалната политичка сцена не е секогаш перфектно нашминкана. Се појавија и сериозни истражувачки написи во европски весници, во кои се откриваат и поинакви вистини околу кинеските „великодушни подароци“. Како, на пример, во случајот на запленетите 100.000 заштитни маски во Чешка, од каде што дел од медицинската опрема, со посредство на кинески бизнисмени, се купува за ниски цени, се транспортира во Кина, делумно и како придонес за тамошната борба против вирусот, а оттаму, повторно преку моќни кинески посредници, се враќа назад. Иако сега не се работи само за хуманитарна помош, туку и за понуда за продажба на кинеска опрема.

Како ќе изгледа светот по завршувањето на пандемијата? Единственото нешто што е сигурно е дека нема да изгледа како досега. Економијата, однесувањето на луѓето, геополитиката, меѓународната соработка и демографијата најверојатно ќе претрпат промени поради кои не ќе можат да се вратат во состојба на она што порано се сметало за нормално. Но суштината на солидарноста, како поим што најчесто се однесува на поврзаност и заемна соработка во вонредни услови, тешко дека ќе може да биде променета.

# Економија

**Курсна листа** 2.4.2020

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| EUR | 1 | 61.350 | 61.850 | GBP | 1 | 68.450 | 71.250 |
| USD | 1 | 54.900 | 57.500 | CAD | 1 | 38.600 | 41.000 |
| CHF | 1 | 57.100 | 59.400 | AUD | 1 | 33.5000 | 35.350 |

**Анализа** Има ли можност да не се наплатува камата за грејс-периодот

# Банките лани оствариле добивка од 114 милиони евра!

**Податоци** Министерката за финансии Нина Ангеловска ја брани одлуката на банките со неопходноста од ликвидност, зачувување на стабилноста на банкарскиот систем и зголемената потреба од кредитирање што ќе се јави во иден период. Но, што покажуваат бројките?




**Весна Дамчевска**

Информациите што дојдоа од банките, а според кои на граѓаните ќе им се одложи отплатата на кредитите за 6 месеци, но во тие месеци ќе им се пресметува камата, која потоа ќе ја платат, предизвикува бурни реакции во јавноста.

Граѓаните се разочарани од ваквата одлука и тие преку социјалните мрежи не престануваат да негодуваат. Министерката за финансии Нина Ангеловска ја брани одлуката на банките со неопходноста од ликвидност, зачувување на стабилноста на банкарскиот систем и зголемената потреба од кредитирање што ќе се јави во иден период. Народната банка вели дека таа ја создала рамката банките да дадат поповолни услови.

- Можеме да се пофалиме дека имаме еден од постабилните банкарски системи. Затоа преземаме мерки што ќе го одржат тој банкарски систем стабилен и ќе се одржи на ова ниво. Понудени се неколку решенија, очекуваме да видиме какви ќе бидат ефектите. Очекувам менаџментот на банките да не го гледа само сопствениот профит. Секако, ако тоа не се случува и ако јас и Владата не гледаме дека сакаат да бидат солидарни, тогаш уредбата со законска сила може да биде донесена во секој момент и во неа да дефинираме што треба да направиме во банкарскиот систем – изјави вчера премиерот Спасовски.

Минатата година целиот банкарски систем, составен од 15 банки, остварил профит од 114 милиони евра. Најголем дел од добивката ја остварила групата од 5 големи банки –Комерцијална банка, Стопанска, НЛБ, Халк банка и Охридска банка, кои оствариле вкупен профит од 113 милиони евра. Но, имало и неуспешни банки и според групните податоци на Народната банка, тие оствариле загуба од 1,3 милиони евра и спаѓаат во групата на средни банки по големина.

Банките своите приходи ги остваруваат од каматите што ги наплаќаат за дадените кредити и од разни провизии за банкарски услуги. Досегашните финансиски извештаи покажуваат дека две третини од приходите доаѓаат од каматите, а една третина од провизиите.

Во 2019 година, банките наплатиле вкупен износ на камата од 313 милиони евра, од кои 163,4 милиони евра се камати наплатени од домаќинствата.

Банките немаат свои пари. Тие собираат пари од фирми и од граѓани и за тоа им плаќаат камата. Вкупната камата што ја платил банкарскиот сектор во минатата година бил 68,8 милиони евра. Односно разликата меѓу камата што банките ја наплатиле и таа што тие ја платиле е нето-приходот од камати и тој е дури 244 милиони евра!

Банките заработиле и од провизии и надоместоци и тој износ во 2019 година е околу 83 милиони евра.

Ако се земе предвид дека за ланската година вкупниот износ што го добиле банките од камати за домаќинства е 163,4 милиони евра и ако се претпостави дека тој износ би бил ист и за годинава, тоа значи дека банките за времето кога нема да течат рати, ќе пресметаат камата од околу 80 милиони евра, што потоа ќе ја распределат рамномерно на преостанатите рати на домаќинствата и така ќе го зголемат износот за отплатата.

**Со пресметувањето камати за време на грејс-периодот, само се зголемуваат приходите што банките ќе ги остваруваат откако ќе помине кризата, и тоа не за малку, реагира економскиот аналитичар Бранимир Јовановиќ.**

Со тоа што банките се откажаа од ратите и од наплатата на оваа камата од 80 милиони евра во текот на оваа година, тие покажаа колку се ликвидни и моќни. Дел од економските аналитичари посочуваат дека каматите што течат за време на грејс-периодот немаат никаква врска со одржувањето на стабилноста на банките.

„Да, многу е важно да се зачува стабилноста на банкарскиот систем за време на кризава, ама пресметувањето камати за време на грејс-периодот нема врска со тоа, затоа што тие камати ќе се наплатат откако ќе заврши грејс-периодот, односно откако ќе помине кризата. Со пресметувањето камати за време на грејс-периодот, само се зголемуваат приходите што банките ќе ги остваруваат откако ќе помине кризата, и тоа не за малку", напиша економскиот аналитичар Бранимир Јовановиќ, кој порано работеше во Народната банка.

**БРОЈКИ**

**5,6** милијарди евра им должат фирмите и граѓаните на банките.

**313** милиони евра за камати наплатиле лани сите банки заедно.

**69** милиони евра им исплатиле банките за камата на фирмите и на граѓаните за нивните депозити во 2019 година.

**Владата донесе уредба за финансиска помош на фирмите**

# За 250.000 работници има по 14.500 денари државна помош

**Премиерот апелираше до работниците да не потпишуваат спогодбени откази.**

Мерката со која им се овозможува на компаниите да побараат државна помош од 14.500 денари по работник за месеците април и за мај е преточена во уредба со законска сила и таа денес ќе излезе во „Службен весник", најави премиерот Оливер Спасовски.

- Ова мерка се однесува за сите компании што ги исполнуваат условите наведени во уредбата, а ги опфаќа вработените на неопределено време, на определено време, како и оние што работат со скратено работно време, за кои ќе биде даден сразмерен износ од 14.500 денари - рече Спасовски.

Тој објасни дека еден од условите за оваа мерка е компании да имаат најмалку 30 отсто помал приход во однос на периодот пред кризата, а корисниците на мерката не треба да го намалат и бројот на вработените заклучно со септември. Во спротивно, ќе треба да ја вратат помошта.

Според процените на Владата, како што рече Спасовски, со оваа мерка се очекува да се опфатат 250.000 работници во 35.000 компании.

Барањата за помошта ќе се доставуваат електронски преку УЈП, а парите ќе бидат на сметка до 13-ти во месецот.

Алтернативна на оваа мерка е субвенционирање на 50 отсто од придонесите за компаниите што во првиот бран беа директно погодени од мерките на државата за сузбивањето на ширењето на коронавирусот.

- Двете мерки истовремено не може да се користат - појасни Спасовски.

Со оваа мерка, според очекувањата на Владата, ќе бидат опфатени околу 20 отсто од осигурениците, или 53.000 осигуреници.

Спасовски апелираше до работниците да не прифаќаат спогодбени откази затоа што тие се заштитени согласно со Законот за работни односи.

- Во услови на вонредна состојба, работодавачот мора да им исплаќа 50 отсто од платата, а ако не работи од деловни причини, треба да им исплаќа 70 отсто – рече Спасовски.

Што се однесува до угостителите и другите дејности што не работат уште од март, Спасовски рече тие од мерките во март се загрозени 10 дена и дека на располагање им се бескаматните кредитни линии преку Развојната банка.

- Големите хотели што остваруваа големи профити, сега е време да скратат од нив. На дел од хотелите кои, пак, се наменети за државен карантин, државата ќе им плати – рече Спасовски.

**Вести.**

## Од снегот паднаа 22 дрвја во Скопје

Поради обилните врнежи од снег во текот на изминатото деноноќие на територијата на Скопје се евидентирани вкупно 22 паднати дрвја, од кои 17 се во населени места, а другите пет дрвја се во Градскиот парк, информира градоначалникот на Град Скопје, Петре Шилегов.

Тој на својот Фејсбук профил напиша дека екипите на Градот Скопје и јавните претпријатија веднаш излегле на терен и ги расчистиле паднатите гранки и дрвја, а се санираат и скршените гранки што висат од дрвјата и претставуваат опасност за минувачите.

„Апелираме до граѓаните да бидат внимателни и претпазливи при движењето покрај дрвја и дрвоередите, а воедно ги замолуваме за трпение додека траат активностите за расчистување на штетите предизвикани од обилните врнежи на снег“, пишува Шилегов на Фејсбук.

## Дел од Пржино без вода

Прекин во водоснабдување денеска од 9 часот ќе имаат корисниците од високата зона во населбата Пржино и од улиците „Тодор Александров“ и „Славејко Арсов“.

Како што соопшти ЈП „Вод и канализација“ – Скопје, прекинот е поради водоводен приклучок на улицата „Тодор Александров“ 77.

Корисниците ќе бидат без вода се до завршување на интервенцијата.

## Изминатата недела без огнови на отворено

Бригадата за противпожарна заштита на Град Скопје од 26 март до 1 април на телефонскиот број 193, кој е дел од кампањата „Пријави оган на отворено“, не добила ниту една пријава од граѓаните.

- Во сезоната со зголемено загадување на воздухот, Градот Скопје ја продолжи кампањата за пријавување огнови на отворено на бесплатната телефонска линија 193. Градот Скопје преку својот инспекторат и Територијалната единица за противпожарна заштита, а во соработка со Министерството за труд и социјална политика, МВР и Црвениот крст организира мешани тимови кои работат секој ден, 24 часа, и се справуваат со огновите на отворено - соопшти Град Скопје.

Оттаму посочуваат дека оваа кампања се спроведува трета година по ред и досега има одлични резултати.

**Срамно** Ниска колективна свест кај дел од граѓаните




# Средствата за дезинфекција брзо „исчезнуваат“ од влезовите на зградите

Од Општина Кисела Вода велат дека се изненадени од ваквите постапки на граѓаните и го осудуваат крадењето затоа што средствата се поставуваат за доброто на сите

**Елизабета Д. Спасеновска**

Масовно се крадат средствата за дезинфекција, кои беа поставени во влезовите на зградите за заштита од ширењето на вирусот ковид-19. Дел од средствата беа обезбедени од скопските општини, но во акцијата за обезбедување хигиена учествуваа и општествено одговорни граѓани, кои сега се револтирани од постапките на соседите.

До редакцијата на „Слободен печат“ пристигнаа фотографии што покажуваат ниска колективна одговорност кај дел од граѓаните.

М. Б. од скопската населба Капиштец вели дека самоиницијативно обезбедила средство за чистење и го поставила на влезот во зградата, но била разочарана и лута кога видела дека за само еден ден, како што вели таа, го снемало, по што им оставила порака на соседите

„Срамота! Станарот што го украл гелот за раце веднаш да го врати, на местото кај што беше. Која е целта да си ги носите дома средствата за дезинфекција, ако со тоа дозволувате сите ваши соседи, со валкани раце да ја фатат влезната врата, која потоа и вие ќе ја фатите, па можно е короната дома да си ја однесете“, стои во пораките.

На две од фотографиите јасно се гледа логото на Општина Кисела Вода, каде што се обративме за став, во врска со поставувањето, но и кражбите на дезинфициентите.

– Навистина сме изненадени од ваквите постапки на граѓаните. Средствата ги поставуваме за доброто на сите и го остро го осудуваме крадењето, велат од Кисела Вода.

Оттаму додаваат дека сите граѓаните можат од понеделник до петок од 8:30 до 16:30 часот и сабота од 8 до 15 часот, телефонски на бројот 072 313 331, да се пријават за да им биде обезбедено средство за дезинфекција. Тоа можат да го направат и преку електронска пошта: contact@kiselavoda.gov.mk, каде што треба да остават точна адреса – улица и број, како и телефон за контакт.

**Општина Гази Баба.**

## Повторно се чисти депонијата во Стајковци



Општина Гази Баба трет пат годинава ја чисти дивата депонија која во Стајковци се создава кај надвозникот од обиколницата. И покрај тековните активности за дезинфицирање на општината, екипи на ЈКП „Гази Баба 2007“ во изминатите денови ја расчистуваа депонијата.

- При претходното чистење локацијата ја заградивме и затворивме, но „совесни“ граѓани ја скршиле оградата и повторно оставаат шут на таа локација. Сите нивоа на толеранција се преминати! Оваа локација повторно ќе ја исчистиме и целосно ќе ја затвориме, а поставен ќе биде 24 часа видеонадзор. Мора да разбереме дека од нас зависи во каква општина ќе живееме. Ѓубрето и шутот само не доаѓа на ниту една депонија, нашата свест мора да проработи и да се грижиме за природата - вели градоначалникот Борис Георгиевски.

**Општина Центар.**

## Маски, ракавици и храна за полицајците од ПС „Беко“ и „Пролет“

Во ек на пандемијата на коронавирусот, Општина Центар како одговорна единица на локалната самоуправа, покрај другите мерки што ги спроведува за заштита и превенција од вирусот, во изминатите денови со конкретни активности ги помага и полициските станици „Беко“ и „Пролет“.

Како што соопшти Општина Центар, службите на Општината секојдневно доставуваат нова пратка на заштитни маски и ракавици во ПС „Беко“, за безбедно справување на полициските службеници при извршувањето на нивните редовни задачи. Општината отстапи и три службени возила за користење на полицијата за редовни патроли и контроли, а полициските станици на располагање веќе имаат и 10 мобилни распрскувачи за дезинфекција.

- Општината на полицајците од ПС „Беко“ и ПС „Пролет“, покрај другите активности, секојдневно им доставува храна и оброци. Во ПС „Беко“ е извршена и целосна дезинфекција на работните простории – информираат од Центар.

Општина Центар и градоначалникот Саша Богдановиќ повторно апелираат граѓаните да ги почитуваат препораките на Владата и Министерството за здравство за заштита од коронавирусот, затоа што само така, со заедничко почитување, солидарност и совесност, можеме да го победиме ковид-19.

# Свет

• Повеќе од 80 држави побарале финансиска помош од Меѓународниот монетарен фонд (ММФ) за борба против пандемијата со новиот коронавирус, во висина од над 20 милијарди долари. Поголемиот број барања за финансиска помош се од земјите со мали приходи, мали држави и земји во развој. Од ММФ потенцираат и дека иницијативата за стопирање на плаќањата на долговите поради пандемијата со ковид-19, не значи и отпишување на долгот.

**Криза** Поради запрените фабрики, авиони и возила



**„Голдмен Сакс“ оценува дека многу брзо ќе бидат пополнети сите капацитети, рафинерии, терминали, танкери и нафтоводи, што не се случило уште од 1998 година**

# Цената на нафтата може да падне под нулата

**Негативна цена** На производителите на нафтата од типот „Вајоминг сор“ понудено им е да платат по 19 центи за секој барел што ќе биде испразнет од нивните преполнети резервоари.

Запирањето на индустријата и на авионите, како и намалениот сообраќај поради мерките за изолација наметнати како борба против пандемијата на коронавирусот, веќе ја спуштија цената на нафтата на околу 20 долари за барел, најниско ниво во изминатите две децении, но таа може да продолжи да паѓа, па дури да достигне и негативна вредност, бидејќи сите капацитети за чување ќе бидат пополнети.

Во едно катче на Америка, нафтата веќе постигна негативна цена – производителите плаќаат некој да ја земе од нивните резервоари.

„Меркурија енерџи груп“ понуди негативна цена од 19 центи за нафтата од складиштата на „Вајоминг асфалт сор“, односно побара од производителите да платат по 19 центи за секој барел што ќе биде испразнет од резервоарот.

– Нема кој да ја купи локалната нафта. Во реони во кои брзо се полнат резервоарите, цената може да падне под нулата – изјави за „Блумберг“ Елизабет Марфи, аналитичарка од консултантската фирма „ЕСАИ енерџи“.

Вакви бизарни цени не се невообичаени во енергетската индустрија. Природен гас во Тексас, на пример, лани се продавал цели две недели за негативни цени, зашто гасоводот немал доволно голем капацитет за да го пренесе од производителот.

Нафтата од типот „брент“ на берзите се продава за околу 20 долари за барел, но трговците велат дека има сè помалку заинтересирани купувачи поради глобалната блокада на индустријата и сообраќајот. Се очекува намалување на производството и на рафинирањето, а цената најбрзо ќе паѓа кај изолираните извори што не се ефикасно приклучени на нафтоводите.

Цената на барелот „канадијан вестерн селект“ од шкрилците во Канада шадна на 5,06 долари, „оклахома сор“ на 5,75 за барел, а „вајоминг свит“ на 3 долари.

И пред општата изолација, нафтата поевтини поради војната со цени помеѓу Саудиска Арабија и Русија. САД се држеа настрана и не сакаат да бидат првите што ќе го запрат производството.

Главниот проблем сега се преполнетите капацитети за чување на нафтата.

Консултантската фирма „Голдмен Сакс“ оценува дека многу брзо ќе бидат пополнети сите капацитети, рафинерии, терминали, танкери и нафтоводи, што не се случило уште од 1998 година.

- Побарувачката паѓа многу брзо во однос на производството. Наскоро главниот проблем за производителите нема да биде како да направат профит од толку ниски цени, туку и кому да ја дадат нафтата – објави „Цеј-би-си енерџи“.

Една од можностите е да се натовари вишокот нафта на бродови. Една петтина од глобалната флота на супертанкери може да послужи како пловечки резервоар. Но, и супертанкери има премалку за да го преземат вишокот нафта.

- Во април ќе има 6 милиони барели нафта на ден, кои буквално нема кому да се испорачаат. Во мај количеството ќе се зголеми на 7 милиони барели на ден – истакнува „Цеј-би-си“.

Нафтата во изминатите два и пол месеци изгуби две третини од пазарната вредност. Американските компании сега интензивно ја разгледуваат тешката одлука за целосно запирање на производството. Мерките за изолација веќе предизвикаа намалување на производството за 900.000 барели на ден, а „Голдмен Сакс“ проценува дека тоа количество ќе се зголемува „од час на час“.

„Ристад енерџи“ предвидува дека веќе во април прво ќе бидат затворени најнепродуктивните извори во САД, а потоа и другите.

Гигантот „Шеврон“ објави дека планира да ги намали активностите за 30 отсто.

Ниската цена цврсто се врзува со мерките против пандемијата. Кога ќе се обнови авионскиот сообраќај, повторно ќе се зголеми побарувачката за керозин, а кога луѓето ќе почнат да одат на работа, ќе се троши бензин. Прашање е дали во тој момент ќе се произведува толку нафта, ако во меѓувреме бидат запечатени нафтени извори.

- Денешното изобилство в година може да биде недоволно, па цената на барелот нафта повторно би можел да скокне далеку над 55 долари. Тоа, пак, може да предизвика шок од историски пропорции – вели Џефри Кари од „Голдмен Сакс“.

## Вирусот ќе го запре 40-годишниот подем на Кина



• Кинеската економија ги покажува првите знаци на заздравување по строгите мерки за изолација наметнати од властите за да се запре епидемијата на коронавирусот.

Но, изолацијата веќе го запре стабилниот раст, за кој се проценува дека ќе падне на 1 или 2 отсто, во споредба со ланските 6,1 проценти. При најлошото сценарио, економијата од 14.000 милијарди долари може воопшто да не забележи раст годинава, со што би се прекинала низата од постојан развој во изминатите 44 години.

Проценките на Светската банка укажуваат дека пандемијата може да ја предизвика поголема криза во Кина во споредба со онаа од глобалната рецесија од 2008-2009 година и од 1990 година, кога западните земји воведоа санкции против Пекинг по масакрот на Тјенанмен. Кинески економисти се залагаат владата во Пекинг воопшто да не поставува цели за 2020 година.

- Тешко може да се постигне раст поголем од 4 отсто. Многумина предвидоа дека растот ќе падна на 1 или 2 отсто. Тоа е возможно – вели Ма Ѓун од Комитетот за монетарна политика на кинеската Централна банка.

Кинеската влада објави поддршка за малите бизниси во вкупен износ од 3.000 милијарди јуани (423 милијарди долари), како и уште 1.000 милијарда јуани за малите и средни банки. Владата, исто така, вети дека ќе им даде привремена парична помош на семејствата со ниски приходи и на невработените, во период од март до јуни. Не се спомнати бројки, но се проценува дека со оваа помош ќе бидат опфатени повеќе од 67 милиони луѓе.

**Амазонија.**

## Вирусот го пронајде патот до домородните племиња

Една млада жена од домородното население, жител на село зафрлено длабоко во прашумите на Амазонија, е заразена од коронавирус.

– Ова е прв случај на ковид-19 што е регистриран меѓу повеќето од 300 племиња во Бразил – потврдија локалните власти

Дваесетгодишната жена, од племето Кокама, во близина на границата со Колумбија, била тестирана и наодот ѝ бил позитивен.

Во истата област се потврдени уште четири случаи, вклучувајќи и лекар од Бразилија, што довело до страв дека епидемијата може со разорен ефект да се прошири врз ранливите племиња.

**Бела куќа.**

## Кинезите го кријат вистинскиот број на заразени

Кинеските власти го криеле обемот на заразата со коронавирусот во својата земја, со тоа што пријавиле помалку заразени и починати во текот на епидемијата, се вели во извештајот изготвен од американските разузнавачки служби доставен до Белата куќа.

Заразата почна во кинеската провинција Хубеи на крајот на 2019 година, а до денес се пријавени околу 82.000 случаи и околу 3.300 смртни случаи.

Кинеската влада во повеќе наврати ја ревидираше методологијата за броење случаи, а церемонијата за погребување со илјадници урни пред погребните домови во провинцијата Хубеи, ги покренаа јавните сомнежи за извештаите од Пекинг. Кинеската влада, посочуваат Американците, не ги сметала ниту луѓето што биле асимптоматски, а сепак биле заразени. Само вчера, според нив, имало 1.500 нови асимптоматски случаи.

**Шпанија.**



## Епидемија на вирус, но и на откази

Речиси 900.000 работници во Шпанија останаа без работа од 12 март досега, кога во земјата се воведени мерки против ширење на коронавирусот, вклучувајќи ја и забраната за движење.

Вкупно 898.822 работници ги загубија своите работни места од 12 март, покажуваат статистичките податоци. Повеќе од половина од отпуштените биле вработени на определено време.

Во Шпанија минатиот месец бројот на невработени се зголеми на 3,5 милиони, што е најголем број од април 2017 година.

Инаку, оваа земја е меѓу најзагрозените од пандемијата во светот. Во последното деноноќие се забележани нови 950 смртни случаи, со што црниот биланс е поголем од 10.000. Во Шпанија досега се регистрирани 110.000 заразени лица, од кои половината побарале болнички третман.

**Пандемија** Ковид-19



# Безмалку милион заразени во светот

**Особено критична е ситуацијата во Њујорк, каде што во последните 72 часа бројот на смртни случаи повеќе од двојно се зголеми и сега изнесува 1.941**

Според најновите податоци од Светската здравствена организација, во светот досега се регистрирани најмалку 937.941 лица заразени со новиот коронавирус. Од нив досега починати се 47.273, а оздравеле 195.188 луѓе. Речиси сигурно е дека во наредните денови, бројката на заразени на планетава ќе ја надмине бројката од милион.

Во САД има најголем број заразени со новиот коронавирус – 215.344, од кои досега починале 5.112, а оздравеле 8.878. Особено критична е ситуацијата во Њујорк, каде што во последните 72 часа бројот на смртни случаи повеќе од двојно се зголеми и сега изнесува 1.941. Медиумите ја потврдија сторијата за првиот инфициран жител на Њујорк, кој пред еден месец се вратил од Иран, кога епидемијата во оваа земја беше во замав. Оттогаш бројот на заразени лица се искачи на 83.000 луѓе. Гувернерот на Њујорк, Ендрју Куомо, изјави дека повеќе од 12.000 лица се хоспитализирани. Тој додаде дека врвот на епидемијата се очекува да биде кон крајот на месецот.

Куомо изрази вознемиреност поради тоа што и покрај воведената мерка за физичка дистанца, луѓето сè уште ги посетуваат игралиштата.

– Користете ги отворените простори во парковите, шетајте, фатете малку сонце. Без групирања, без натпревари, без блиски контакти – посочи Куомо.

Во градот Њујорк патролира полицијата и ги предупредува граѓаните да држат растојание едни од други.

Градоначалникот на Њујорк, Бил де Бласио, изјави дека се потребни пет милиони маски, 100.000 парчиња заштитна облека и повеќе од 3.000 респиратори до крајот на неделата.

**Србија.**

## Повлечена е спорната уредба за ограничување на информирањето

Српската влада, на барање од шефот на државата Александар Вучиќ, ќе ја повлече одлуката за ограничување на информирањето во текот на вонредната состојба, изјави премиерката на Србија, Ана Брнабиќ.

Таа истакна дека власта направила сè што е потребно граѓаните на Србија да бидат точно и навремено информирани и ниту една информација да не биде скриена од јавноста, но неодамна усвоената одлука ќе биде повлечена за да не се фрли сенка врз она што државата го работела макотрпно.

– Иако веруваме дека оваа уредба ги штити сите, граѓаните, здравствените работници и семејствата, од лажни вести и непроверени информации, за да не се фрли сенка врз она што го работиме макотрпно, Владата денеска, пред седницата на кризниот штаб, ќе ја повлече одлуката – нагласи Брнабиќ.

Таа верува дека со повлекувањето на уредбата, државата многу повеќе време ќе посвети во борбата против лажните вести, кои секојдневно се пласираат. Во таа смисла, Брнабиќ ги спомена лажните вести за 24-часовна забрана за движење, дека активисти на СНС барале пари за да донесат помош и дека во клиничките центри нема опрема.

– Ќе се бориме повеќе, ќе ни биде потребен дополнителен напор – нагласи српската премиерка, додавајќи дека оваа вонредна состојба во Србија е навистина воена состојба.

Инаку, од соседната земја сè уште не стигнала информацијата поврзана со здравствената состојба на претседателот Вучиќ, за кого беше објавено дека не се чувствува добро и дека во комуникацијата со јавноста ќе го менува премиерката.



# Гастрономија

Казната не поправа ниту една неправда, ама може да спречи стотици други.

**Мали „тајни“.**

## За што сè може да се искористи млекото



**Доколку се сомневате во квалитетот на млекото што подолго време ви седи во фрижидер, наместо да го истурите во мијалникот, обидете се да го искористите за чистење на кожениот мебел што го имате дома.**

Покрај тоа што е исклучително вкусно и здраво и важи за омилен напиток за време на појадокот, млекото исто така може да се користи и за многу други работи, за кои многу малку се знае. Имено, освен во исхраната, млекото може да се користи и како средство за одржувањето на хигиената во домот, но и како средство за разубавување.

### Одмрзнување риба

Кога следниот пат ќе решите да одмрзнувате риба, сетете се на млекото. На сите ни е познато дека свежата риба привлекува со својата арома и свеж мирис, но кога станува збор за одмрзната риба, таа нема некој многу убав вкус. Затоа, за да го подобрите вкусот на рибата што ја одмрзнувате, веднаш штом ќе ја извадите од замрзнувач, ставете ја постепено да се одмрзнува во млеко.

### Чистење на среброто во кујната

Доколку во својот дом имате лажици или виљушки од сребро, најлесно можете да ги исчистите и да им го вратите сјајот доколку редовно ги вриете во млеко. Сè што треба да направите е да зовриете млеко, а потоа во него да го ставите кујнскиот прибор што сакате да го „светнете“. За да добиете подобар ефект, во млекото можете да додадете и неколку лажици сок од лимон или алкохолен оцет.

### За чистење

Млекото за кое се сомневате дали сè уште е квалитетно за да го пиете, наместо да го истурите во мијалникот, обидете се да го искористите за чистење на кожениот мебел што го имате дома. За да постигнете површините од кожа да сјаат, независно од тоа дали се наоѓаат на гарнитурата во вашата дневна соба или на трпезариските столови, ставете го млекото врз крпата за чистење и нежно протријте по површината на мебелот. Оставете го млекото да делува околу 10 минути, а потоа нежно поминете ја површината на мебелот со средство за чистење мебел. За само неколку минути ќе се уверите во моќните својства што ги има овој вкусен напиток. Како дополнителна можност за користење на овој напиток за чистење на кожените површини е со него редовно да ја отстранувате нечистотијата од површината на кожени чевли, чизми и чанти.

### За нега и убавина

Уште од многу одамна млекото се користело во служба на убавината. Затоа и вие, секогаш кога сте во можност, намачкајте ја кожата со млеко, посветувајќи притоа најголемо внимание на лицето, бидејќи тоа е најмногу изложено на надворешните влијанија. Намачкајте ја кожата со млеко, а потоа оставете го да делува околу половина час. На крај само исплакнете го лицето со млака вода.

### Ја намалува лутината

Доколку сте сечкале лути пиперки или сте гризнале многу лута пиперка по што „устата ви гори“, обидете се овој проблем да го решите со пиење млеко или триење на рацете неколку минути со студено млеко. Лутината од рацете и од устата, за само неколку минути ќе биде минато.



**Врелата вода е единственото решение.**

## Рачното миење садови не ги уништува бактериите



• Доколку садовите не ги миете во машина за миење на садови, тогаш препорачливо е да внимавате на температурата на водата. Ладната вода не може да ги уништи бактериите што се наталожени на нечистите садови.

Затоа, за да го постигнете посакуваниот ефект, а тоа е се разбира чисти садови во кои без грижа на совест ќе го сервирате следното јадење, е да ги миете со многу жешка вода. За да си ги заштитите рацете од изгореници, можете да користите ракавици произведени токму за таа намена.

Исто така, обрнете внимание на средствата со кои ги миете садовите. Понекогаш не треба примарна да ви биде цената, туку квалитетот на сјајот за отстранување на маснотиите. Секогаш избирајте сјај за садови кој е поконцентриран. Ваквото средство многу полесно ќе ги отстрани нечистотиите од чиниите и чашите, се разбира во комбинација со речиси врела вода.

Како трета работа што треба да ја имате на ум кога станува збор за отстранување на наталожената нечистотија, е да внимавате на сунѓерот со кој ја отстранувате нечистотијата. Иако многумина знаат, сепак не е на одмет постојано да се потсетуваме дека влажните површини се одличен извор и извонредно квалитетна подлога на која се размножуваат бактериите. Токму затоа, важно е сунѓерите да ги менувате често, а за времето додека ги користите, обидувајте се да ги чувате суви.

**Рецепти.**



## Зелена чорба

**СОСТОЈКИ:**

- 1 главица кељ
- 300 грама пилешко месо
- 1 страк праз
- 1 главица кромид
- масло за јадење
- 2 компири со средна големина
- сол, црн бибер
- 50 грама црвен пипер
- 1 кисела павлака

**ПОДГОТОВКА:**

Во поголемо тенџере на оган, ставете да зоврие вода. Откако водата ќе почне да врие, во неа ставете ги да се обарат претходно разделените листови кељ. Омекнатите листови измијте ги со ладна вода, а потоа оставете ги во цедалка да се исцедат од насобраната вода. Додека се цедат листовите, во тава на оган ставете да се загрее потребното количество масло за јадење. Откако ќе ја постигне посакуваната температура, во маслото додајте ги ситно исечканите праз и кромид. Кратко пропржете ги, а потоа додајте ги парчињата пилешко месо. Потоа, додајте го и исечканиот и претходно исцеден кељ, компирот исечкан на коцки, а потоа зачинете, додајте околу две литри вода и оставете сето тоа да се вари околу еден час. Откако ќе помине потребното време за подготовка, со рачен блендер измиксирајте ја целата смеса. Оставете ја да се олади малку, а потоа послужете ја чорбата со по една лажица павлака во секоја чинија.

## Колачиња со пиво

**СОСТОЈКИ:**

- 5 кафени шолји - масло
- 3 кафени шолји - пиво
- 1 прашок за печиво
- брашно по потреба
- мармалад
- шеќер во прав

**ПОДГОТОВКА:**

Во подлабок сад ставете го масло за јадење, пивото, прашокот за печиво и почнете со додавање брашно и месете. Кога ќе забележите дека добиеното тесто убаво е измесено, престанете со додавање брашно. Тестото не треба да биде ниту премногу тврдо ниту премногу меко. На тава за печење, ставете хартија за печење и започнете со обликување на колачињата по ваша желба. Подготвените колачиња редете ги во тавата. Оваа постапка, повторувајте ја додека не се потроши целото тесто. Печете во загреана рерна на 180 степени околу 30 минути, односно додека убаво не зарумени. Колачињата извалкајте ги во шеќер во прав.



Човекот никогаш не се сопнува од карпи туку од мали камчиња, затоа секогаш наведнувајте ја главата, колку да видите што има на патот.

**Здравје**

**Лекарите советуваат.**

# Работи што мора дијабетичарите да ги прават за време на пандемијата



**Ако имате дијабетес, целата ситуација околу коронавирусот сигурно ви изгледа како пат во неизвесност. Во моментот е важно да имате доволно потребни лекови и сите информации за да знаете што да направите и како да ја следите вашата состојба.**

Шеќерната болест значи група на метаболички нарушувања чија основна карактеристика е хипергликемијата, односно зголемено ниво на гликоза/шеќер во крвта. Во лекувањето на дијабетесот, особено место заземаат едукацијата, самоследењето и самогрижата.

Важно е да разговарате со лекарот за планот за терапијата и за тоа на кој начин ќе комуницирате за време на изолацијата. Следењето на состојбата и текот на болеста е исклучително важно за вашиот имунолошки систем да може да функционира добро и да дејствува како заштита од можните зарази.

Ова се совети за сите лица што страдаат од дијабетес, потенцирани од д-р Брунилда Назарио, интернист и ендокринолог.

Следете ја состојбата почесто од вообичаеното: За време на стресните ситуации, состојбата може да се промени, па затоа е важно внимателно да следите што се случува во организмот.

Залиха на лекови: Замолете го вашиот лекар да ви напише рецепт за дополнителна доза лекови, за да ги имате доколку подоцна за тоа немате можности. Ако сте ризична група, замолете помлад член на семејството или соседот да оди по лековите наместо вас.

Останете во контакт: Опкружувањето во овие ситуации може да значи многу. Користете ги социјалните мрежи и редовно комуницирајте со семејството или со пријателите во текот на кризата.

Набавете намирници: Погрижете се дека имате доволно намирници во кујната, какви што е замрзнатото овошје и зеленчук. Добро измијте ги пред да ги користите затоа што на нив може да се наоѓа шеќер, што во никој случај не е добро за вашата состојба.

Не заборавајте на јаглехидратите: Имајте на дофат едноставни јаглехидрати како мед и џем, во случај да ви се потребни.

Бидете креативни со оброците: Никогаш не е доцна да експериментирате во кујната, а ова може да биде и вистинско време да го направите тоа.

Вежбајте секојдневно: Не е можно денес да ја следите рутината на одење во теретана или групно вежбање, но активноста не смеете да ја занемарувате затоа што тоа е еден од најдобрите начини за контрола на шеќерот во крвта. Најдете место во вашиот дом каде можете да вежбате, а денес постојат толку многу апликации што нудат помош при вежбањето, кои можете да ги искористите.

Спијте доволно: За да заспиете навреме и за да спиете добро, медитирајте и вежбајте позитивни мисли. Исклучете ги светлата и сите екрани пред одењето во кревет.

Останете информирани: Како што ситуацијата се менува од ден на ден, така постојано пристигнуваат и новите информации па останете вклучени во текот на настаните.

Задолжително еднаш дневно преку телефон јавувајте му се на вашето семејство или на соседите.

# Коронавирусот не ги уништува само белите дробови, и друг орган е на „удар“

• Американските научници утврдиле дека ковид-19 може да предизвика и срцеви проблеми, дури и кај луѓето што претходно немале никакви проблеми од тој вид. Исто така, научниците предупредиле дека коронавирусот може да има кобни последици за луѓето што веќе страдаат од постојни кардиоваскуларни болести, како, на пример, хипертензија (висок крвен притисок).



Научниците анализирале претходни коронавируси какви што се САРС и МЕРС, но состојбата на ковид-19, кој ја предизвика пандемијата што моментално владее со светот, е многу поопасна. Научниците дошле до заклучок дека коронавирусот може да влијае врз срцевиот мускул.

„Веројатно е дека, дури и доколку претходно сте немале срцеви болести, коронавирусот ќе влијае на срцевиот мускул. Генерално, потврдено е дека повреда на срцевиот мускул може да му се случи на секој пациент, без оглед дали имал кардиоваскуларни проблеми претходно, но ризикот е многу поголем кај оние што веќе имаат дијагностицирано срцева болест“, истакнале од Научно-истражувачкиот здравствен центар во Универзитетот во Тексас.

Исто така познато е дека инфекцијата ја влошува состојбата на срцето и може да предизвика срцев удар. Оваа инфекција може да доведе и до перикардитис (воспаление на слузницата на срцето) и миокардитис (воспаление на срцевиот мускул).

Научниците изјавиле дека откриле значајна поврзаност помеѓу срцевите заболувања и смртниот исход меѓу пациентите заразени со ковид-19 во борбата во Вухан, Кина.

# Што на телото му прави помала, а што поголема количина на коронавирусот

• Сите што доаѓаат во контакт со коронавирусот можат да создадат големи количини на вируси во организмот, но сепак инфекцијата започнува со различна количина.

• Вдишување на воздухот покрај сериозно болен пациент кој кива и кашла, ќе резултира со поголема количина на вирус во организмот од оние на кваката или на друг предмет.

• Изложеноста на помал број вируси на почетокот резултира во помал имунолошки одговор и поблага форма на болеста.

• Повеќе вируси значи поголема реакција, која резултира со посилни симптоми и го зголемува ризикот од сепса, односно поголема смртност.







# Магазин

**Повторно сам.**

## Пропадна и четвртиот брак на Маленко

• Поранешниот македонски пливач Александар Маленко се разведе и од четвртата сопруга, охриѓанката Фани, со која има два сина. Тој во утринската емисија на телевизија Алфа призна дека извесен период наназад е сам, односно дека веќе не е во брак. Неговата адреса на престој во моментов е во Скопје.

Зад себе има четири брака и пет деца, а има и еден внук, од ќерката Лора. Прва негова сопруга беше водителката Сузана Турунџиева, со која ја има ќерката Лора, од која доби и внук. Беше во брак и со актерката Јелена Жугиќ, со која го има синот Ахил. Третата сопруга на Маленко беше Русинката Татјана Михалова Фјодорава, со која исто така има син.



**Компликации од заразата.**



## Наградуваниот музичар Адам Шлезингер почина од коронавирус

• Американскиот музичар и композитор Адам Шлезингер почина на 52-годишна возраст поради компликации предизвикани од заразата со коронавирусот. Неговиот портпарол изјавил дека музичарот бил во една од болниците во Њујорк повеќе од една недела.

Адам Шлезингер е познат како основач на бендот „Фоунтејнс од Вејн“. Тој освои три награди Еми и една награда Греми, а беше номиниран и за Оскар и Златен глобус за насловната песна „That Thing You Do!“ од истоимениот филм, во режија на славниот холивудски актер Том Хенкс.

Последната награда Еми, Шлезингер ја освои минатата година за песната „Anti-Depressants Are So Not a Big Deal“ во популарната ТВ-серија „Луда екс-девојка“.

**Коронавирус** Шенжен, Кина

## Забрана за јадење мачки и кучиња

• Кинескиот град Шенжен забрани јадење кучиња и мачки како дел од сузбивањето на трговијата со диви животни од појавата на новиот коронавирус. Научниците се сомневаат дека коронавирусот бил пренесен на луѓето од животни. Некои од најраните инфекции биле пронајдени кај луѓето изложени на пазарот за диви животни во централниот град Вухан, каде што се продавале лилјаци, змии и други животни. Болеста зарази повеќе од 935.000 луѓе низ целиот свет и усмрти околу 47.000 лица.

Властите во јужнокинескиот Центар за технологија велат дека забраната за јадење кучиња и мачки, ќе стапи на сила на 1 мај.

„Кучињата и мачките како домашни миленици воспоставија многу поблизок однос со луѓето отколку сите други животни, а забраната за јадење кучиња и мачки и други домашни миленици е вообичаена практика во развиените земји и во Хонг Конг и Тајван“, се вели наредбата на градската власт објавена во средата.



**Ја преживеала и шпанската грозница и Втората светска војна.**

# Баба од Шпанија на 110 години му пркоси на коронавирусот



Оваа бабичка која има младешки дух, вели дека одвај чека да помине состојбата со заразното заболување ковид-19 за да може да излезе надвор и да ги протегне нозете, но и малку да прошета кога времето ќе стане потопло.

Луиса Васкез де Силва е родена пред точно 110 години во градот Понтеведра што се наоѓа на северот на Шпанија. Оваа жена во текот на својот живот била сведок на голем број човечки „катастрофи“. Таа може да се „пофали“ дека успеала да ја преживее шпанската грозница, дека се спасила во времето кога владеела Втората светска војна, а сега вели дека е повеќе од сигурна дека ќе излезе победник и од борбата со коронавирусот.

### Одвај чека да дојде времето кога ќе може слободно да се шета

Бабичката која на локалното население му е позната како Лулу, за тамошните медиуми изјавила дека одвај чека да се укине забраната за движење која е воведена во нејзината земја и со која дури 47 милиони жители се ставени во изолација поради состојбата со коронавирусот.

-Едвај чекам да дојде моментот кога малку ќе ги истегнам нозете шетајќи по пролетното сонце – изјавила таа.

### Живот поминат во неизвесност

Таа смета дека е една од ретките во светот што на своја „кожа“ почувствувала и тоа неколкупати досега како е да се биде затворен, болен или пак исплашен за своето, но и за здравјето на најблиските, како и да се живее во неизвесност од тоа што може да се случи утре.

Луиса успеала да го „победи“ смртоносниот грип во 1918 година.

- Тогаш бев многу мала, имав седум или осум години – изјавила Силва.

Потоа била сведок и на војната што во Шпанија се случувала во периодот од 1936 до 1939 година. Таа исто така била сведок и на воведувањето на демократијата по диктаторскиот режим.

### Роденденска забава

Луиса нема свои деца, но како што вели има 87 членови на потесното семејство, кои многу ги сака. Многумина не живеат во Понтеведра, но на прославата на нејзиниот 110-ти роденден, сите успеале да дојдат на прославата дури и во состојба кога насекаде има опасност од коронавирусот. Тие со локалните и со здравствените власти постигнале договор и им било дозволено со заштитни маски и ракавици да ѝ се доближат до зградата и да развеат транспарент на кој пишувало „Среќен 110. роденден“. Но, тоа не било сè. И полицијата застанала под нејзиниот балкон и сите заедно ѝ го честитале роденденот.

- Сега прославата на роденденот мораше да се организира вака, но кога ќе помине опасноста од ширење на коронавирусот, ќе направам двојно поголема прослава – рекла таа.

**Видеопорака.**

## Принцот Чарлс проговори за борбата со коронавирусот

• Откако минатата недела му беше дијагностициран ковид-19, принцот Чарлс веднаш се повлече на самоизолација, во која беше само една недела. Како што е потврдено од палатата, принцот е сосема здрав и се чувствува одлично па одлучи да ѝ се обрати на јавноста преку видео во кое го опиша своето искуство со коронавирусот и ја истакна важноста за грижата за старите лица во овие критични времиња.

- Ова е сè уште ново за сите нас. Со оглед на тоа дека неодамна поминав низ заразата, за среќа, со благи симптоми, сега сум на другата страна на оваа болест, но сè уште во состојба на социјална дистанца и општа изолација. Како што сите учиме, ова е чудно, фрустрирачко и често вознемирувачко искуство кога присуството на семејството и пријателите веќе не е можно. За среќа, немав тешки симптоми и добро сум. Во овие тешки времиња, моите и мислите на мојата сопруга се со сите оние што ги загубија најблиските поради пандемијата на коронавирусот, како и со оние што се болни и изолирани. Знаеме дека во секоја заедница постојат навистина прекрасни соседи, поединци и волонтери, кои обезбедуваат нега, грижа и внимание на болните и на оние на кои им е потребно, а оваа мрежа на несебична помош





е од големо значење за животот на луѓето – рекол принцот Чарлс.

Тој им се заблагодари на здравствените работници, волонтерите, продавачите во супермаркети...

Принцот Чарлс одлучи да се тестира на коронавирус откако дознал дека принцот Алберт од Монако е заразен, а претходно бил во контакт со него. Но, не се знае со апсолутна сигурност кој му го пренел вирусот на Чарлс. Неговата сопруга Камила, која е негативна на коронавирусот, сè уште е во самоизолација.

**Шпанија.**

## Фудбалери на Валенсија излекувани од коронавирусот

• Излекувани се сите десетмина фудбалери на Валенсија од коронавирусот! Натпреварот меѓу Аталанта и Валенсија, одигран на 19 февруари во Милано, беше прогласен за „биолошка бомба“ во италијанските медиуми, по што се дојде до заклучок дека епидемијата на коронавирусот уште повеќе се прошири во Ломбардија.

Кај фудбалерите на Аталанта е познато дека само голманот Спортиело беше позитивен на тестот на коронавирус. Од друга страна, фудбалерите на Валенсија поминаа далеку полошо, заразена беше третина од играчите и луѓето што беа на 19 февруари на „Сан Сиро“. Шпанска „Марка“ пренесува дека десетмина членови на клубот од Местаља беа позитивни, а веќе сите се излекувани!

Валенсија ги помина сите неопходни мерки, членовите на клубот кои беа заразени, помеѓу кои и фудбалерите Езекиел Гарај, Хозе Гаја и Елиаквим Мангала, закрепнаа од последиците на ковид-19.



**Ракомет** Црногорскиот пикер зборува за Македонија

# Ракчевиќ: Секоја чест за Вардар, но Металург беше „инјекција“ за популарност

**Црногорецот смета дека ракометот во Македонија многу добил на популарност токму заради Металург. Младен вели дека би била срамота за Скопје и за Македонија Вардар да пропадне**



Црногорецот Младен Ракчевиќ (38) е еден од омилените ликови кај љубителите на ракометот во Македонија. Тој седум години мина во Скопје, а за тоа време настапуваше во Вардар (2005-2009) и во Металург (2010-2013). Имаше можност да заигра и во дресот на Македонија, но сепак се реши за родната Црна Гора. Во интервју за „Балкан хендбол“ тој зборува, меѓу другото, и за годините минати во Македонија. Ракчевиќ прави паралела помеѓу Вардар и Металург.

- Успесите со Металург се круна на мојата кариера, бидејќи е неверојатно како еден мал клуб од предградието привлекуваше по седум илјади навивачи на меч и дојде до пласман во осумте најдобри клубови во Европа. Го почитувам секој резултат што е направен во Македонија, на Вардар му симнувам капа. Но, земајќи предвид како функционираше Металург тогаш и со кои средства, тој клуб беше „инјекција“ за македонскиот народ уште повеќе да го засака ракометот. Пред тоа минав четири години во Вардар, со сите останав пријатели и имам феноменални спомени – вели Ракчевиќ.

Тој откри дека постоела сериозна можност да го облече жолто-црвениот дрес.

- Му кажав на Михајло Михајловски, тогашниот претседател на РФМ, дека со задоволство ќе играм за Македонија во случај Црна Гора да не се осамостои. Скопје по Цетиње ми е најомилен град и го сакам македонскиот народ, бидејќи таму ги минав најубавите денови од мојата кариера - изјави Ракчевиќ.

**Успесите со Металург се круна на мојата кариера, бидејќи е неверојатно како еден мал клуб од предградието привлекуваше по седум илјади навивачи на меч и дојде до пласман во осумте најдобри во Европа.**

Црногорецот има свое мислење и за проблемите со кои се бори Вардар во овие времиња. Тој смета дека Вардар не смее да згасне.

- Би бил срам за Скопје, Македонија и за цел Балкан, тој клуб да пропадне. Вардар ја изрекламира Македонија, како никој друг дотогаш. Во нашите мали држави, приватници не можат да ги „носат“ клубовите. Не е тоа Бундеслигата, во која има приходи од влезници, реклами... Единствена вистинска приказна е зад неколку клубови во разни спортови да застане државата - смета е Ракчевиќ.

Темпераментниот ракометар сега најголемиот дел од времето го минува во селото Смоковци, на 15 километри од Цетиње, на семејниот имот, а по завршувањето на играчката кариера, се посвети на лозарство

**Тенис.**

## Откажан грен-слем турнирот Вимблдон

Поради пандемијата на коронавирусот, откажано е годинашното издание на Вимблдон, кое требаше да се одржи во првата половина на јули, објавија организаторите. Тоа требаше да биде 134. издание на еден од најголемите тениски спортски турнири во светот, а одлучено е новото издание да се одржи од 28 јуни до 11 јули 2021 година. За првпат во 75 години, по Втората светска војна, се откажува овој грен-слем турнир, а уште два големи спортски настани се презакажани за наредната година, Олимпијадата во Токио и Европското првенство во фудбал.

Претходно, Ролан Гарос беше одложен, а беше најавено дека вториот грен-глем од сезоната ќе се одржи од 20 септември до 4 октомври 2020 година. Засега ништо не се знае за САД опен, кој е закажан за почетокот на септември.

Потсетување дека годинава на „Австралија опен“ триумфираа Новак Ѓоковиќ и Софија Кенин, а на ланското издание на Вимблдон исто така најдобар беше Ѓоковиќ, а Симона Халеп во женска конкуренција.

**Норвешка.**

## Скијач постави нов рекорд со поминати 528 км

Во Норвешка, и покрај пандемијата, предизвикот на скијачите продолжува со континуирани трки на долги растојанија. Нов светски рекорд во изминати километри без прекин постави нордискиот скијач Хенрик Соли. Во чест на неговиот 45. роденден, тој отскија 528 километри без да сопре. Трката се одвиваше на круг долг 5,5 км.

За време на подвигот на Соли, друштво му правеа неговите пријатели, кои постојано го бодреа. Претходниот рекорд поставен пред неколку денови изнесуваше 516 километри.

Во меѓувреме, критиките за овој проект се интензивираат во Норвешка. Некои потенцијални шампиони ги завршуваат своите трки во целосна исцрпеност на телото, а потоа долго време се во состојба близу до кома.



Во сегашната ситуација на пандемија, ова не е најдобрата опција, дури и за силните спортисти, пишуваат тамошните медиуми.

# Забава

## Хороскоп

**Овен**
21.3 - 20.4.



• Си ја проверивте банкарската сметка? Вашиот знак ќе биде во сферата на заедничките инвестиции и богатството, па ќе ве израдува финансиски успех. Најверојатно ќе добиете парични средства за ваш минат труд или ќе потпишете договор со важен инвеститор. Некои од вас конечно ќе соберат храброст да ги признаат своите чувства, а други ќе изберат поголема физичка блискост со партнерот.

**Бик**
21.4 - 20.5.



• Внесете доза од својот хумор во сè што правите. Кажете интересна шега кога одредена дебата станува жестока и бидете позитивни кога сите други се исполнети со негативни чувства. Најдобро ќе се чувствувате кога предизвикувате насмевка на туѓите лица, но во секој момент претпочитајте ја умереноста. Еден комплимент кажан од вистинската личност ќе ве вивне в облаци.

**Близнаци**
21.5 - 21.6.



• Сакате да направите драстична промена во исхраната или пак, да започнете да практикувате спорт кој досега не сте го пробале? Не барајте поидеален ден од денешниот. Посветете му внимание на вашето здравје, бидете физички поактивни и бидете поорганизирани. Можно е конечно да завршите со преуредувањето на својот живот или дом.

**Рак**
22.6 - 22.7.



• Поткрепете ги своите ставови со факти. Денес најубедливи ќе бидете кога „пукате“ со знаење, а тогаш ќе имате и најголема самодоверба. Информирајте се повеќе. Доволен ќе биде еден телефонски разговор или една онлајн преписка со одредена личност за на вашето лице да се појави насмевка која долго нема да изгуби ниту малку од својот интензитет.

**Лав**
23.7 - 23.8.



• Можно е да добиете прекрасна вест за неочекувано наследство или за проширување на семејството. Ова е одличен момент за промени во домот или за решавање на чувствително семејно прашање кое долго време ви го подвиткува грбот со својата тежина. Резултатите ќе бидат поволни за вас. Овој пат повеќе мислете на себе и на вашите приоритети во животот.

**Девица**
24.8 - 23.9.



• Иако сте познати како личност која е прибрана, смирена и рамнодушна, денес ќе ја покажете својата емотивна страна, но без да одите во екстремности. Доволно е да покажете дека сте среќни за луѓето да се радуваат со вас или тажни за да ги поттикнете да направат сè за да ве развеселат. Не седете пасивно кога гледате дека личноста која ви се допаѓа се бори за вашето срце.

**Вага**
24.9 - 23.10.



• Љубов или само моментална страст? Личност која неодамна влезе во вашиот живот, ќе разбуди бура од емоции во вас, па ќе ви биде тешко да дефинирате што точно чувствувате. Дајте ѝ време на вашата глава да се излади, па да започнете трезвено да размислувате. Не ги ставајте своите прсти во туѓите животи. Голема е веројатноста да ги „залепите“ туѓите проблеми за себе.

**Скорпија**
24.10 - 22.11.



• Ако во изминатиов период невнимателно прелетувавте низ животот без да се сомневате во намерите на луѓето, денес ќе им направите простор на сомнежите на испливаат на површина. Можно е кај познаник да откриете романтични чувства кон вас кои не сте знаеле дека постојат. Морате да научите да правите селекција меѓу важни и неважни личности во животот.

**Стрелец**
23.11 - 21.12.



